T.A. TEOTRAVEL



Адреса:  "Широк Сокак" 60; 7000 Битола; Македонија
Лиценца – "А" категорија; тел: 047/228 185; факс: 047/203 008








# И С Т А Н Б У Л

**1 ден (петок – 29.12.2017): БИТОЛА**
Состанок на групата на паркингот пред спортската сала „Младост" во 16:30 часот. Поаѓање за Турција во 17:00 часот. Патот води преку г.п. Меџитлија, Лерин, Воден, Солун, Кавала, Александрополис, г.п. Ипсала, Текирдаг... ноќно и денско патување, со кратки попатни паузи.

**2 ден (сабота – 30.12.2017): ИСТАНБУЛ**
Пристигнување во Истанбул во утринските часови. Автобуски панормски разглед на градот со локален водич. Посета на атрактивниот трговски центар Venezia Mega Outlet. Слободно време за одмор, шопинг, прошетка. Околу пладне - сместување во хотел. Слободно време за одмор и индивидуални прошетки. Можност за посета на Лалели, Бејазит, Капали Чаршија. Во попладневните часови, факултативна посета со стручен водич на азискиот дел на Истанбул – Ускудар, каде се изградени околу 180 џамии. На самиот брег во близина на пристаништето џамијата на султановата ќерка Михрима и Шемси Паша Џамија, место од каде се пружа најубавиот поглед на силуетата на Истанбул, посета на Девојачката Кула со брод и посета на плоштадот Таксим, срцето на модерен Истанбул. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**3 ден (недела – 31.12.2017): ИСТАНБУЛ**
**Појадок.** По појадокот – факултативна посета на Аја Софија (Света Софија), едно од најмонументалните зданија на Христијанската вера, конструирана како базилика во VI-от век од Царот Јустинијан. Факултативна посета на Топ Капи – Палатата на султаните, заедно со ризницата, посета на Сината џамија – едно од најголемите архитектонски чуда, позната по нејзините 6 уникатни минариња изградени во името на султанот Ахмет, како и Хиподромот. Враќање во хотел. Слободно време за одмор. Вечерта – дочек на Новата 2018 Година на плоштадот Таксим или во Национален Ресторан со комплетно мени и програма. **Ноќевање.**

**4 ден (понеделник – 01.01.2018): ИСТАНБУЛ**
**Појадок.** По појадокот, факултативна посета на најголемиот од деветте Принцевски острови кои моментално се една од најголемите туристички атракции  во Турција.

На островите забранета е употреба на моторни возила, а како превозно средство се користи коњска кочија. Враќање во хотелот во попладневните часови и слободно време за одмор. **Ноќевање.**

**5 ден (вторник – 02.01.2018): ИСТАНБУЛ**

**Појадок.** По појадокот – факултативно крстарење по Босфор, каде од една сосема друга перспектива се доловува грандиозноста на еден од најбајковитите градови на светот. Посета на Цариградската Патријаршија. Поаѓање за Битола во попладневните часови.

**6 ден (среда – 03.01.2018): БИТОЛА**

Пристигнување во Битола во утринските часови.

**Цена на аранжманот: 6.840,00 денари**

- **Доплата за еднокреветна соба:** 30% од износот на аранжманот

**Цената на аранжманот вклучува:**

- автобуски превоз на горенаведената релација
- 3 ноќевања со појадок во хотел Buyuk Keban со 3* во Аксарај
- разглед на градот со стручен водич
- посета на трговски центар Venezia Mega Outlet
- организација, водство и реализација на аранжманот

**Цената на аранжманот не вклучува:**

- Аја Софија заедно со Топ Капи Палатата и нејзината ризница (влезница со стручен водич + слушалки за Аја Софија кои се задолжителни) – 35 € по лице
- Посета на Таксим и Ускудар (стручен водич, карти за метро, посета на Девојачката Кула со брод) – 15 € по лице
- Дочек на Новата година во Национален Ресторан
- Посета на Принцевските Острови – 30 €
- Крстарењето со брод по Босфор со стручен водич – 15 €
- Патничко осигурување

**Напомена:** За реализација на овој аранжман, потребен е **минимум од 40 патници,** во спротивно, крајниот рок за известување околу евентуален отказ на аранжманот е најкасно 5 дена пред датумот на поаѓање. Организаторот на патувањето го задржува правото за измена на редоследот на поедини содржини во програмата.

**Со оваа програма важат Општите услови на т.а. ТЕО ТРАВЕЛ и СКТМ.**